Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 304/0306
31.10 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 20-ти октомври 2022 година, врз основа на примена жалба од „Субверзивен фронт“ Здружение за сексуални и родови малцинства, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „ДоказМ.мк“, насловен „Решение за овој проблем долго време нема освен Орце да подели пушки и локалците тоа да очистат по кратка постапка?“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 2-ри октовври 2022 година, „Субверзивен фронт“ Здружение за сексуални и родови малцинства поднесе жалба за текстот со наслов „Решение за овој проблем долго време нема освен Орце да подели пушки и локалците тоа да очистат по кратка постапка?“, објавен на 2-ри октомври 2022 година на интернет – порталот „ДоказМ.мк (www.dokazm.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување, говор на омраза, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10 и 13.

Дополнително, жалителот истакнува дека медиумите треба да се воздржуваат од објавување на било каква форма на говор на омраза, а дека новинарите и уредниците не треба да бидат автори на таквите содржини. За жалителот, спорен е и насловот на текстот, со кој како што се наведува во претставката, порталот ширел омраза заснована на нетолеранција и агресивен говор. Во овој контекст, жалителот додава дека ваквиот тип на содржини објавени во медиумите може да предизвика јавна опасност и истовремено укажува дека мачењето на животни е кривично дело согласно законските прописи.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА.** Комисијата едногласно оцени дека Кодексот на новинарите е прекршен во членовите 1, 5 и 13, а со мнозинство гласови и во член 8 од Кодексот.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 5:*** *Новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или скрие ништо што е спротивно со јавниот интерес.*

***Член 8:*** *„Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

Комисијата за жалби не најде елементи дека во новинарскиот производ има повреда и на член 10 од Кодексот на новинарите, на кој упатува жалителот.

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „ДоказМ.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на регистарот на професионални онлајн медиуми.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

На седницата на 20-ти октомври 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, се согласи дека текстот произлегува од јавниот интерес, но дека начинот на кој е обработена темата е новинарски некоректен и неетички. Содржината е еднострана, сензационалистичка и не согледува низа значајни аспекти поврзани со проблематиката, во случајов, со бездомните кучиња во Скопје. Се работи за долгодишен и хроничен проблем, а третманот на овие животни е комплексно и сензитивно прашање, за кое во општеството генерално има различна перцепција и поделени ставови. Затоа, став на Комисијата е дека на темата треба да ѝ се приоѓа со особено внимание и со сеопфатен пристап, што не е случај со предметниот текст на „ДоказМ.мк“.

Авторот, кој не е потпишан на содржината, веста ја заснова единствено на податоци од дневен полициски билтен за случаи со напади на бездомни кучиња врз граѓани. Став на Комисијата е дека пренесувањето на таквите информации се сосема оправдани и легитимни, но во никој случај, не можат и не смеат да бидат повод новинарот да повика на насилство врз овие животни. Таквиот новинарски приод, доминантно нагласен во насловот на веста е недозволив во новинарската професија.

Текстот е нецелосен и лошо обработен, на начин што медиумот само го лоцира проблемот, но не се потрудил да даде одговори од каде извира и како тој може да се реши. Не е консултирана ниту една надлежна институција, ниту здружение за да се даде појасна и пореална слика за проблемот и за потенцијалните начини за негово надминување. Таквиот

еднострaн пристап е спротивен на **член 1** од Кодексот на новинарите, во делот дека новинарот треба да обезбеди „втора страна“, односно да им даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став.

Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилноста и професионалноста на прилогот.

Комисијата, во продолжение, се согласи дека најпроблематичен е насловот на текстот, кој е е сензационалистички, па дури и екстремен и воопшто не соодветствува со содржината.

Иако е поставен во прашална форма, насловот, недвојбено, содржи елементи кои можат да бидат протолкувани како повик за насилство врз бездомните кучиња и нарушување на јавниот ред и мир:

***„Решение за овој проблем долго време нема освен Орце <u>да подели пушки</u> и <u>локалците тоа да очистат по кратка постапка</u>?“***

Комисијата се согласи дека вака поставениот наслов е спротивен на **член 5** од Кодексот на новинарите, кој налага дека новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или скрие ништо што е спротивно со јавниот интерес. Поконкретно, авторот не смеел да повика на „земање на правдата во свои раце“ и на дејствија, кои се спротивни на законот и претставуваат кривично дело. Ова уште повеќе што таквиот начин на информирање, може да поттикне и негативни дејства врз бездомните животни.

Во овој контекст, мнозинството од членовите на Комисијата, во насловот препознаа и елементи на сензационализам, што се коси и со **член 8** од Кодексот на новинарите, во делот дека начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

Иако во начелата на овој член, животните не се експлицитно наведени, став на Комисијата е дека сензационализмот, како феномен, има многу поширок обем и дека од етички аспект треба да се избегнува, без разлика за која тема станува збор. Сензационалистичкото известување, освен што носи гледаност или читаност, носи и опасност од искривување на вистината и точноста на информациите.

Во продолжение, Комисијата констатираше и прекршување на **член 13** од Кодексот, според кој, новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката. Онлајн медиумите, при известувањето за секоја тема или прашање, ќе настојуваат да придонесат за подобро нејзино разбирање, преку

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

внимателно разгледување на фактите и преку нивно соодветно поврзување, со цел да се претстави целосниот контекст и различните агли и гледишта на темат.

На крајот, членовите на Комисијата оценија дека предметниот текст на „ДоказМ.мк“ е целосно спротивен на основните стандарди за обработка на новинарски содржини. Во случајов, во текстот се инкорпорирани две целосно неспоиви содржини, кои меѓусебно немаат никакви допирни точки. Комисијата нотираше дека во првиот дел од веста авторот се осврнал на проблемот со бездомните кучиња, а во вториот, на теми поврзани со сексот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595